# ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

**Финансиски извештаи
за годината што завршува
на 31 декември 2023
и Извештај на независниот ревизор**

bakertilly
JOANIDIS

# Содржина


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 3 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 5 |
| Биланс на состојба | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 9 |

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До: Собранието и Управниот Одбор на Здружението на новинарите на Македонија**

## Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Здружението на новинарите на Македонија (во понатамошниот текст "Здружението"), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2023 година, и Биланс на приходи и расходи за годината што тогаш завршува и преглед на значајни сметководствени политики и останати објаснувачки белешки, приложени на страните 5 до 20.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РСМ бр 24/03, 80/05, 17/11, 154/15, 122/21) и Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РСМ бр. 08/09, 12/09, 175/11), кои се прифатени и се применуваат во Република Северна Македонија и интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија[1]. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Здружението со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Здружението. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities

[1] Меѓународни стандарди за ревизија ("МСР") издадени од Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување ("ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен Весник на Република Македонија број 79 од 2010 година.

bakertilly
JOANIDIS

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Здружението на новинарите на Македонија на ден 31 декември 2023 година, како и неговата финансиска успешност за годината што тогаш завршува, во согласност со Законот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РСМ бр 24/03, 80/05, 17/11, 154/15, 122/21) и Правилник за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РСМ бр. 08/09, 12/09, 175/11), кои се прифатени и се применуваат во Република Северна Македонија.

**Овластен ревизор**
**Љубица Јоанидис**

**Скопје, 29 Мај, 2024**

**Управител**
**Љубица Јоанидис**

**Друштво за ревизија**
**Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје**

Друштво за ревизија БАКЕР ТИЛИ ЈОАНИДИС ДООЕЛ Скопје

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities

# ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

| | Белешка | За годината што завршува на 31 декември 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи од кирии и сопствени приходи | 5 | 590,533 | 677,875 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите | | 11,045,192 | 9,113,702 |
| Приходи од донации | 6 | 24,593,976 | 19,107,642 |
| Приходи од членарини и други приходи | 7 | 170,400 | 497,176 |
| Финансиски приходи | 8 | 44,886 | 10,226 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **36,444,987** | **29,406,621** |
| **РАСХОДИ** | | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 9 | (4,545,514) | (5,243,556) |
| Други расходи | 10 | (12,898,603) | (9,440,781) |
| Капитални и други средства | 11 | (708,720) | (184,479) |
| Помошти, донации и други давачки | 12 | - | (31,000) |
| Плати и надомести на плати | 13 | (4,638,372) | (3,461,613) |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **(22,791,209)** | **(18,361,429)** |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **13,653,778** | **11,045,192** |
| Данок на добивка | | - | - |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **13,653,778** | **11,045,192** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Овие финансиски извештаи беа одобрени од страна на раководството на Друштвото на ден 29 мај2024 година.

Одобрено од:

Младен Чадиковски
Претседател на Здружение
На новинари на Македонија

Составено од:

Маја Миленковска
Овластен сметководител
Со овластување број 0103409

# ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | Белешка | За годината што завршува на 31 декември 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | **14** | 22,651 | 29,787 |
| Материјални средства | **14** | 4,203,052 | 3,436,838 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **4,225,703** | **3,466,625** |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | **15** | 13,630,566 | 11,094,654 |
| Побарувања од купувачи | **16** | 394,608 | 385,884 |
| Останати побарувања | **17** | 24,768 | 24,768 |
| Активни временски разграничувања | **18** | 123,539 | 22,422 |
| **Вкупно тековни средства** | | **14,173,481** | **11,527,728** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **18,399,184** | **14,994,353** |
| **ДЕЛОН ФОНД И ОБВРСКИ** | | | |
| **Извори на средства (фондови)** | | | |
| Деловен фонд | **19** | 3,069,111 | 2,376,109 |
| Ревалоризациона резерва | | 1,156,592 | 1,090,516 |
| Вишок над приходи над расходи | | 13,653,778 | 11,045,192 |
| | | **17,879,481** | **14,511,817** |
| **Обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | **20** | 123,539 | 22,422 |
| Останати тековни обврски и ПВР | **21** | 396,164 | 460,114 |
| **Вкупно обврски** | | **519,703** | **482,536** |
| **ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ** | | **18,399,184** | **14,994,353** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

# Белешки кон финансиските извештаи

## 1. Општи информации за Здружението на новинарите на Македонија

Здружението на новинарите на Македонија е здружение на граѓани формирано со слободно здружување на новинарите во Република Северна Македонија, заради остварување на професионалните интереси во заштита на правото и слободата на професијата, јавното информирање и јакнењето на професионалната самостојност и етика.

Здружението на новинарите на Македонија дејствува на територијата на Република Северна Македонија и е независно, самостојно, невладино, непартиско и непрофитно здружение на доброволно здружени новинари, кои дејствуваат на или од територијата на Република Северна Македонија.

Здружението на новинарите на Македонија е основано на 17 февруари 1946 година. Во согласност со Статутот и одредбите од Законот за здруженија и фондации, Здружението е регистрирано во Централниот Регистар на Република Македонија, Регионална Регистрациона канцеларија во Скопје на 21 Октомври 1980 година со ЕМБС 4067568.

Седиштето на Друштвото се наоѓа на бр. Градски Ѕид блок 13, во Скопје, Општина Центар.

Основна дејност на Здружението на новинарите на Македонија, е под шифрата 63.91 – дејности на новинските агенции.

Здружението има статус на правно лице со права и обврски на правно лице, што е дефинирано во член 5 од Статутот.

Согласно член 8 од Статутот, општата цел и задача на Здружението на новинарите на Македонија е дејствување низ сите допуштени облици во насока на унапредување на општествениот и правниот амбиент за развој и постоење на новинарството и новинарската професија.

Посебни цели и задачи на Здружението се:

- ✓ Бранење на слободата на медиумите;
- ✓ Дејствување против злоупотреба на медиумите, против создавање на монополи и какви било форми на цензура;
- ✓ Заштита на новинарите од злоупотреба од сопственицие на медиумите;
- ✓ Заштита на угледот и достоинството на новинарите и новинарската професија;
- ✓ Заштита и поттикнување на слободата на критичкиот и креативниот дух;
- ✓ Унапредување на професионалните и етичките стандарди;
- ✓ Унапредување на социјалниот и материјалниот статус на новинарите;
- ✓ Застапување на членовите и нивно претставување пред општествената заедница, активно учество при подготовка на законските прописи и меѓународните настани во интерес на професијата и при одбрана на професионалниот интерес во согласност со Кодексот на етика на новинарите на Македонија;
- ✓ Обезбедување на правна помош на членовите на Здружението.

Согласно член 24 од Статутот, органи на Здружението се: Собранието, Управниот Одбор, Претседателот, Надзорниот Одбор, Советот на честа и Работните групи и други тела кои можат да бидат постојани и привремени, а кои се основаат од органите на ЗНМ во рамките на нивните надлежности.

Собранието на Здружението на новинарите на Македонија е највисок орган на управување на ЗНМ и истото го сочинуваат сите редовни членови на ЗНМ.

## 1. Општи информации за Здружението на новинарите на Македонија (продолжува)

Собранието како највисоко тело на Здружението на новинарите на Македонија, го избира Претседателот, членови на Управниот Одбор, членови на Надзорниот Одбор и членови на Советот на честа.

Во согласност со член 42 од Статутот на Здружението на новинарите на Македонија, на Изборното собрание одржано на 3 декември 2022 година, за лице овластено за застапување на Здружението на новинарите на Македонија – Претседател е избран Младен Чадиковски.

Извршен директор на Здружението на новинарите на Македонија е Драган Секуловски.

За членови на Управниот одбор на Здружението на новинарите на Македонија, а во согласност со член 38 од Статутот на Здружението на новинарите на Македонија, на Изборното собрание одржано на 3 декември 2022 година, се избрани следните лица:

- Младен Чадиковски
- Анета Блажевска
- Аслан Вишко
- Сенат Зулбеари
- Трајче Илиевски
- Мишко Иванов
- Маја Јовановска
- Петар Клинчарски
- Искра Опетчевска
- Срећко Поповски и
- Ристо Тасев

Во согласност со член 43 од Статутот на Здружението на новинарите на Македонија, на Изборното собрание одржано на 3 декември 2022 година, за членови на Надзорниот одбор на Здружението на новинарите на Македонија се избрани следните лица:

- Мефаил Исмаили
- Роберт Коцев
- Сеад Ризвановиќ
- Горан Симоновски
- Миомир Серафиновиќ

За членови на Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија, а во согласност со член 45 од Статутот на Здружението на новинарите на Македонија, на Изборното собрание одржано на 3 декември 2022 година, се избрани следните лица:

- Саше Димовски
- Огнен Јаневски
- Мира Костиќ
- Емилија Мисирлиевска
- Игор Стефановски

## 2. Основа за подготвување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи на Здружението на новинарите на Македонија се составени во согласност со:

1. Законот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр 24/03,20/05, 80/05, 17/11, 154/15, 122/21)
2. Правилник за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 08/09, 12/09, 175/11)
3. Правилник за сметковниот план и биланси на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 117/05 и 11/06)
4. Правилник за содржината на одделните сметки во сметковниот план за непрофитните организации (Службен весник на РМ бр.117/05)

Законот ги уредува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавање на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, финансиските извештаи и нивното доставување, како и други прашања од областа на сметководството за непрофитните организации.

Финансиските извештаи ги покажуваат средствата и обврските, приходите и расходите кои се однесуваат на работата на Здружението на новинарите на Македонија. Финансиските извештаи ја прикажуваат објективно финансиската состојба, финансиското работење како и приливот и одливот на парични средства на Здружението на новинарите на Македонија, во согласност со сметководствените стандарди. Презентацијата и класификацијата на ставките во финансиските извештаи е непроменет од еден до друг период. Секоја значајна ставка се прикажува одвоено во финансиските извештаи. Средствата и обврските, како и приходите и расходите не се неутрализираат освен ако неутрализирање е потребно и е дозволено од страна на некои сметководствени стандарди. Презентацијата на финансиските извештаи обезбедува споредливост на тековните податоци со претходниот пресметковен период.

Веродостојноста е поддржана од фактот дека Здружението на новинарите на Македонија ќе продолжи да работи во иднина. Здружението на новинарите на Македонија нема намера ниту пак потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

## 3. Основни сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовка на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 3.1. Признавање на приходите и расходите

Признавањето на приходите и расходите се извршува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Приходите и расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

Приходите и расходите се достапни во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари следната година, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат како покритие за обврските од тој пресметковен период, односно обврската за плаќање што се случи во тој пресметковен период.

Приходите и расходите се мерливи кога можат да бидат изразени вредносно.

## 3.2 Нематеријални и материјални средства

### 3.2.1 Почетно вреднување

Средства кои се без физичка содржина, што може да бидат идентификувани и кои се користат за административни цели се признаваат како нематеријални средства (компјутерски софтвер, патенти, лиценци, трошоци за истражување и развој, авторски права на интелектуална сопственост, трговски марки).

Нематеријалните средства се мерат според набавната вредност, која ги вклучува фактурираната вредност и зависните трошоци намалена за амортизацијата и износот за обезвреднување.

Градежни објекти, постројки, опрема, електрични, електронски и механички алати и постројки, машини за пишување, машини за броење, фотокопири, мебел, транспортни средства и други материјални средства се сметаат за долгорочни материјални средства.

Долгорочните средства се мерат според набавната вредност, поголема од 300 евра во денарска противвредност и чиј век на траење е подолг од една година, која ги вклучува фактурната вредност, царински и увозни давачки, даноци кои не можат да бидат рефундирани, трошоци за испорака, монтажа и инсталација.

Во набавната вредност може да биде вклучено и дополнителното вложување кое се капитализира во вредноста на долгорочните средства, под услов со него да се продолжи времетраењето на користење на капиталните средства како и да се зголеми неговиот капацитет.

Долгорочни материјални и нематеријални средства во подготовка се изразени според вредноста на нивните инвестиции.

Материјалните и нематеријалните вложувања се евидентирани како трошоци во моментот на нивното настанување, платени по вредноста на нивната набавка, со истовремено зголемување на деловниот фонд на Здружението на новинарите на Македонија.

### 3.2.2 Последователни трошоци

Трошоци извршени за замена на дел од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Здружението на новинарите на Македонија.

### 3.2.3 Амортизација

Амортизацијата на долгорочните материјални средства се пресметува со праволиниска метода на отпис на поединечните средства, кои доследно се применуваат од еден во друг пресметковен период, со примена на годишните стапки на амортизација кои се пропишани во Правилникот за сметководството на непрофитни организации.

Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите пропишани со Правилникот се додека вредноста на долгорочните средства не биде во целост надоместена. Корисниот век на употреба се одредува во согласност со пропишаните стапки. Во продолжение се прикажани годишните стапки на амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 1 – 4 % |
| Компјутери | 20% |
| Мебел | 10% |
| Останати средства | 10 - 20% |

За износот на пресметана годишна амортизација се намалува деловниот фонд на Здружението.

## 3.2 Нематеријални и материјални средства (продолжува)

### 3.2.4 Ревалоризација

Ревалоризација на долгорочните средства се врши по нивната набавна вредност, при нивно повлекување од употреба и отуѓување, или поради повторно вреднување ако инфлацијата на годишно ниво, мерена со порастот на цените на производителите на индустриски производи, е поголема од 30%. Ревалоризираната вредност, односно пазарната вредност на долгорочните средства при нивното повлекување од употреба и отуѓување во текот на пресметковниот период се утврдува комисиски со проценка.

Резултатот на ревалоризација на долгорочните средства се пренесува во корист или на товар на изворите на средствата.

## 3.3 Побарувања од купувачи

Побарувањата се признаваат според договорените износи во договорот, согласно законските прописи.

## 3.4 Ситен инвентар

Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавка е пониска од 300 евра во денарска противвредност, се класифицираат како ситен инвентар, кој што се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба, во согласност со законската регулатива за непрофитни организации.

## 3.5 Пари и парични еквиваленти

Пари и парични еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциските сметки, депозити во банки до 3 месеци и високо-ликвидни вложувања кои можат да бидат брзо трансформирани во пари. Паричните средства во благајната и сметките во домашна валута се прикажани во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на билансирање, како што следува:

| | **31 декември 2023** | **31 декември 2022** |
|---|---|---|
| 1 ЕУР | 61.4950 | 61.4932 |
| 1 УСД | 55.6516 | 57.6535 |
| 1 ГБП | 70.7612 | 69.3350 |

Курсните разлики кои произлегуваат од трансакциите во странски валути, кои се разликуваат од иницијално признатите, се признаваат како приходи или расходи во периодот во кој што настанале.

## 3.6 Обврски

Обврските се признаваат според висината на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

## 3.7 Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и плаќаат во согласност со законската регулатива во Република Македонија. Согласно Законот за данок на добивка, Здружението на новинарите на Македонија, за 2021 и 2020 година, пресметува данок на добивка на сопствените приходи поголеми од 1,000,000 денари, по стапка од 1%.

## 4. Финансиските извештаи

Здружението на новинарите на Македонија, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, изготвува финансиски извештаи кои обезбедуваат точни, вистински податоци и целосен преглед на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите. За годината што завршува на 31 декември 2021 година се подготвени следниве финансиски извештаи:

- Биланс на состојба
- Биланс на приходи и расходи
- Белешки кон финансиските извештаи

Билансот на состојба ја прикажува состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата на одреден датум.

Билансот на приходите и расходите ги прикажува приходите и расходите, односно вишокот или кусокот остварен во деловната година или во некој друг период во текот на деловната година.

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат детална разработка и дополнување на податоците од билансот на состојба и од билансот на приходите и расходите.

## 5 Приходи од кирии и сопствени приходи

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Сопствени приходи | 590,533 | 677,875 |
| **Вкупно приходи од кирии и сопствени приходи** | **590,533** | **677,875** |

Приходите од кирии и закупнини се однесуваат на приходи од издавање на деловен простор во Скопје, познат како Клуб на новинари, кој се наоѓа на бул. "Партизански одреди" бр.13 блок 4 во Скопје, запишан во Имотен лист 11454 КО Центар 1, КП 10103, дел 0, со површина од 204 м2, во согласност со Договор за закуп на деловен простор, заведен под ОДУ број 1028/18 од 21 септември 2018 година со Друштво за интелектуални услуги Цоде Академи Доо Скопје, кој се однесува на период од 5 години. (види белешка 14). Врз основа на Одлука број 0302-003/2 од 4 Јануари 2021 година, за намалување на месечна закупнина, закупнината за 2021 година е намалена од ЕУР 1,200 месечно на ЕУР 1,000 месечно, се до крајот на договорот за закупнина, односно 21.09.2023 година. Здружението на новинарите на Македонија се јавува како побарувач по извршно решене за неподмирени обврски од страна на коминтентот Цоде Академи Доо Скопје, откако од страна на Здружението, како доверител е поднесено барање за извршување на парично побарување (долг) во висина од 535.817 Мкд на 19 јуни 2023.

Деловниот простор запишан во Имотен лист 11454 КО Центар 1 е потоа издаден на Друштво за услуги Евентуал Доо Скопје, со склучен договор за закуп на деловен простор, на ден 3 јули 2023, заведен под ОДУ Број 792/23, кој е склучен за период од 5 години со месечна закупнина од 1,000 Еур (нето) месечно.

Сопствените приходи се однесуваат на приходи од издавање на деловниот простор во Скопје, запишан во Имотен лист 11454 КО Центар 1.

## 6 Приходи од донации

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Приходи од донации Европска Унија | 8,900,540 | 5,769,169 |
| Приходи од донации Независно здружение на новинари Србија | 4,633,176 | 2,963,056 |
| Приходи од донации OSCE | 266,228 | 351,497 |
| Приходи од донации UNESCO | 1,769,629 | - |
| Приходи од донации Free Press Unlimited | 1,509,342 | 932,120 |
| Приходи од донации БЦСДН | 182,458 | 1,496,359 |
| Приходи од донации Совет на Европа | 422,846 | - |
| Приходи од донации Sigrid Rausing Trust | 4,305,366 | - |
| Приходи од донации UNDP | 1,952,665 | - |
| Приходи од донации од Фондација Конрад Аденауер Скопје | 493,560 | 339,323 |
| Приходи од донации од ETUI | 28,603 | - |
| Приходи од донации од Европска федерација на новинари | 24,546 | 3,055,443 |
| Приходи од донации UNESCO - рефундирање | 95,103 | - |
| Приходи од донации А1 Македонија | 9,914 | - |
| Приходи од донации Гете Институт | - | 382,044 |
| Приходи од донации Сандер UK | - | 3,241,485 |
| Приходи од донации Société Générale SA | - | 337,573 |
| Приходи од донации Hedayah | - | 239,573 |
| **Вкупно Приходи од донации** | **24,593,976** | **19,107,642** |

- Здружението на новинарите на Македонија на 29 декември 2022 има склучено Договор со Европска Унија за реализација на проект бр. IPA/2022/441-824 – Training – Academia of Journalists and Media Workers-T-AJM – Тренинг-академија за новинари и медиумски работници – T-AJM, финансиран од Европската Унија преку Европската коисија, кој стапува на сила од 1 февруари 2023 и ќе трае 36 месеци. Во текот на 2023 година, за имплементација на овој проект, до Здружението има пристигнат прилив во износ од ЕУР 144,267.03. Во 2022 година, по основ на овој договор, до Здружението не е пристигнат прилив.

- Здружението на новинарите на Македонија на 28 февруари 2023 има склучено Договор со Независното здружение на новинари Србија за реализација на проект бр. IPA/2022/440-986/04 – Safe Journalists Network, финансиран од Европската комисија, кој стапува на сила од 1 април 2023 и ќе трае не подолго од 18 месеци по завршување на истекот на договорот на 31 јули 2026. Во текот на 2023 година, за имплементација на овој проект, до Здружението има пристигнат прилив во износ од ЕУР 64,593.23. Во 2022 година, по основ на овој договор, до Здружението не се пристигнати приливи.

- Здружението на новинарите на Македонија на 10 април 2023 има склучено Договор со Независното здружение на новинари Србија за реализација на проект бр. 1020162-32 – Safe Journalists Network – Journalists Safety Index - 3, финансиран од Civil Right Defenders (CRD), со период на имплементација од 1 јануари 2023 до 31 декември 2023 година. Во текот на 2023 година, за имплементација на овој проект, до Здружението има пристигнат прилив во износ од SEK 123,600. Во 2022 година, по основ на овој договор, до Здружението не се пристигнати приливи.

- Здружението на новинарите на Македонија на 10 мај 2023 има склучено Договор со Организацијата за безбедност и соработка во Европа – ОБСЕ за реализација на проект бр. 2601018 – Promoting journalist safety, professional standards and media sustainability (Activity 1) финансиран од ОБСЕ, со период на имплементација од 1 јуни 2023 до 31 август 2023. Во текот на 2023 година, за имплементација на овој проект, до Здружението има пристигнат прилив во износ од EUR 4,350. Во 2022 година, по основ на овој договор, до Здружението не се пристигнати приливи.

## 6 Приходи од донации (продолжува)

- Здружението на новинарите на Македонија во јануари 2023 има склучено Договор со УНЕСКО за реализација на проект бр. 4500481723-А1 – "SLAPP for journalists is a slap for the citizens and public interest" – "Стратешките тужби против јавното учество за новинарите, се шлаканица за граѓаните и јавниот интерес", со период на имплементација од 13 месеци, почнувајќи од 1 април 2023. Во текот на 2023 година, за имплементација на овој проект, до Здружението има пристигнат прилив во износ од USD 31,387.5. Во 2022 година, по основ на овој проект, до Здружението не се пристигнати приливи.

- Здружението на новинарите на Македонија на 1 август 2022 има склучено Договор со Free Press Unlimited за реализација на проект бр. 4BABZ20/50536/22058 – "Strengthening Media Freedom in North Macedonia II"" – "Зајакнување на медиумската слобода во Северна Македонија II дел", со период на имплементација од 1 август 2022 до 30 јуни 2023. Со Анекс на договорот, рокот за реализација на проектот е продолжен до 30 септември 2023. Здружението на новинарите на Македонија за 2023 година доби поддршка од страна на Free Press Unlimited за реализација на правна помош и психолошка поддршка преку нивната програма Legal Support from Reporters Respond 2023. Во текот на 2023 година, за имплементација на овој проект, до Здружението има пристигнат прилив во износ од EUR 24,500. Во 2022 година, по основ на проектот "Strengthening Media Freedom in North Macedonia II", до Здружението е пристигнат прилив во износ од EUR 8,595.

- Здружението на новинарите на Македонија на 6 мај 2022 има склучено Договор со БЦСДН за реализација на проект бр. 03-85/1-2022 – "Western Balkans Regional Platform for advocating media freedom and journalists safety" – "Регионална платформа на Западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите", со период на имплементација од 1 јуни 2022 до 31 октомври 2022. Во текот на 2023 година, по основ на овој проект (завршна исплата), до Здружението има пристигнат прилив во износ од EUR 3,600. Во 2022 година, по основ на овој проект, до Здружението се пристигнати приливи во износ од EUR 14,400.

- Здружението на новинарите на Македонија на 12 февруари 2020 има склучено Договор со Council of Europe за реализација на проект бр. 659250 – "Freedom of Expression and Freedom of the Media in North Macedonia" – "Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија", со период на имплементација од 1 март 2020 до 28 февруари 2022. Во текот на 2023 година, по основ на овој проект (завршна исплата), до Здружението има пристигнат прилив во износ од МКД 422,846. Во 2022 година, по основ на овој проект, до Здружението не се пристигнати приливи.

- Здружението на новинарите на Македонија на 29 јуни 2023 има склучено нов тригодишен Договор за оперативен, нерестриктивен грант со Sigrid Rausing Trust, кој мора да биде потрошен почнувајќи од Јуни 2023 заклучно со Јуни 2026. Во текот на 2023 година, за имплементација на овој проект, до Здружението има пристигнат прилив во износ од GBP 60,000. Во 2022 година, по основ на претходниот тригодишен договор за оперативен нерестриктивен грант (06.2020-05.2023) до Здружението е пристигнат прилив во износ од GBP 45,000.

- Здружението на новинарите на Македонија на 21 јули 2023 има склучено Договор со UNDP за реализација на проект бр. 00122883 – "Scaling up actions to tackle air pollution – "Справување со загадувањето на воздухот", со период на имплементација од 24 јули 2023 до 31 декември 2025. Во текот на 2023 година, за имплементација на овој проект, до Здружението има пристигнат прилив во износ од МКД 849,745. Во 2022 година, по основ на овој проект, до Здружението не се пристигнати приливи.

- Здружението на новинарите на Македонија на 5 октомври 2023 има склучено Договор со UNDP за реализација на проект бр. 01000783 – "Miss the Misinformation: Strengthening the capacities of local communities to respond to misinformation and gendered disinformation– "Зајакнување на капацитетите на локалните заедници за справување со дезинформации и родово-базирани дезинформации", со период на имплементација од 3 октомври 2023 до 18 мај 2024. Во текот на 2023 година, за имплементација на овој проект, до Здружението има пристигнат прилив во износ од МКД 1,052,920. Во 2022 година, по основ на овој проект, до Здружението не е пристигнат прилив.

## 6 Приходи од донации (продолжува)

- На 28 февруари 2023 година Здружението на новинари на Македонија има склучено договор за соработка со Конрад-Аденауер-Стифтунг, канцеларија Северна Македонија, донација за имплементација на проект BM23-025 Desinformation in Onlinemedien erkennen – Deutsch vs Mazedonische Praktiken und Losungen – Препознавање на дезинформации во онлајн медиумите – германски наспроти македонски практики и решенија со период на имплементација од 2 март 2023 до 4 март 2023, со вкупен буџет од ЕУР 8,000. Во 2023 година, исплатата е извршена со уплата по основ на фактури директно на добавувачот во износ од ЕУР 8,000. Во текот на 2022 година, Здружението на новинарите на Македонија врз основа на договорот за донација со Фондацијата Конрад Аденауер, канцеларија Северна Македонија, за подготовка и реализација на 17 одделни видеа за промовирање на етиката во новинарството во Република Северна Македонија реализираше донација во вкупен износ од € 6.000.

- Здружението на новинарите на Македонија на 7 февруари 2023 има поднесено Reimbursement form до European Trade Union Institute за рефундирање на трошоци во висина од ЕУР 463.63 за патни трошоци. Патните трошоци се потврдени со влезна фактура од Пилот Травел број 136/136-2023 од 12 јануари 2023. Во текот на 2023 година, до Здружението има пристигнат прилив во износ од EUR 463.63. Во 2022 година, од European Trade Union Institute не е пристигнат прилив.

- Здружението на новинарите на Македонија бара рефундирање на патни трошоци Европска федерација на новинари врз основа на пополнет формулар за надомест на патни трошоци во висина од EUR 399.16 за учество на конференција во Брисел во периодот од 2 мај до 4 мај 2023. Патните трошоци се потврдени со влезна фактура од Папилон број 275/23 од 24 јануари 2023. Во текот на 2023 година, до Здружението има пристигнат прилив во износ од EUR 399.16. Во 2022 година, од Европската федерација на новинари, по основ на рефундирање, не е пристигнат прилив.

- Здружението на новинарите на Македонија на 29 август 2023 има поднесено Изјава за патни трошоци (Travel Statement) до UNESCO за рефундирање на трошоци за пат и сместување за учество на годишна конференција во Гетеборг од 19 септември до 22 септември 2023 во висина од USD 1,690.5 Во текот на 2023 година, до Здружението има пристигнат прилив во износ од USD 1,690.5. Во 2022 година, по основ на рефундирање, од страна на UNESCO не е пристигнат прилив.

## 7 Приходи од членарини и други приходи

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Приходи од членарини | 170,400 | 497,176 |
| **Вкупно приходи од членарини и други приходи** | **170,400** | **497,176** |

Приходите од членарини се однесуваат на наплатена годишна членарина од новинарите – членови во Здружението на новинарите на Македонија, врз основа на Одлука од 12 април 2012 година, заведена под бр. 03-144/1. Одлуката не е променета од 2012, но Здружението има доставено Изјава апликативна за 2023 година дека членарината во ЗНМ е за период од две години и изнесува МКД 600.

## 8 Финансиски приходи

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 44,886 | 10,226 |
| **Вкупно финансиски приходи** | **44,886** | **10,226** |

## 9 Материјални расходи, услуги и амортизација

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 179,130 | 125,300 |
| Потрошена енергија | 242,929 | 225,358 |
| Други услуги | 499,846 | 1,331,726 |
| Превозни и транспортни услуги | 133,245 | 94,751 |
| Наемнини | 135,155 | 341,067 |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 3,258,121 | 3,031,174 |
| Други материјални расходи | 97,088 | 94,180 |
| **Вкупно материјални расходи, услуги и амортизација** | **4,545,514** | **5,243,556** |

Потрошените материјали се однесуваат на набавка на канцелариски материјали, набавка на работни материјали и отпис на ситен инвентар.

Потрошената енергија се однесува на деловните простории на Здружението на новинарите на Македонија, режиски трошоци, трошоци за вода и потрошено гориво за транспортните средства.

Другите услуги се однесуваат на услуги за печатење на публикации и изработка на промотивни материјали за настани организирани од Здружението на новинарите на Македонија

Превозните и транспортните услуги се однесуваат на трошоци за поштарина, телефонски давачки и трошоци за интернет.

Наемнините во текот на 2023 година се однесуваат на закуп на помошна просторија од Станбен Управител, закуп на сала во и надвор од Скопје заради имплементација на настаните, и опрема за настани, согласно проектните активности на Здружението на новинарите на Македонија, одобрени од различни донатори.

Издатоците за реклама, пропаганда и репрезентација се однесуваат на трошоци за репрезентација, угостителски услуги, трошоци за ноќевања, патни трошоци, согласно проектните активности на Здружението на новинарите на Македонија, одобрени од различни донатори.

Другите материјални расходи вклучуваат издатоци за данок на имот, одржување и регистрација на службено возило.

## 10 Други расходи

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Премии за осигурување | 26,939 | 14,717 |
| Дневници за службено патување | 921,213 | 332,175 |
| Членарини | 133,089 | 44,596 |
| Пренесени средства | 2,147,194 | 1,951,076 |
| Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 166,665 | 222,225 |
| Интелектуални услуги | 9,227,669 | 6,703,743 |
| Провизија за платен промет | 275,834 | 172,249 |
| **Вкупно други расходи** | **12,898,603** | **9,440,781** |

## 10 Други расходи (продолжува)

Премиите за осигурување се однесуваат на осигурување од автомобилска одговорност, колективно осигурување на работници, осигурување на згради, мебел и други подвижности, како и патничко осигурување на лица од Здружение на новинари на Македонија во согласност со полисите за осигурување од Сава Осигурување.

Дневниците за службено патување и патни трошоци се однесуваат на надомест за трошоците на вработените кои патуваат во земјата и странство заради имплементација на настаните, согласно проектните активности на Здружението на новинарите на Македонија, одобрени од различни донатори.

Трошоците за членарини се однесуваат на плаќањата за членство во повеќе организации како Европска федерација на новинари IFJ Brussels, FIPRESCI (Fédération Internationale de la Presse Cinématographique Etica Press и останати организации.

Пренесени средства на други субјекти се однесуваат на исплати на партнерски организации во проектите на Здружението на новинарите на Македонија: Синдикат на медиумите на Црна Гора, Независно здружение на новинарите на Србија, Здружение на новинари на Босна и Херцеговина (проект финансиран со грант од БЦСДН, фаза 2), Иницијатива за европски перспективи -ИЕП и Европската федерација на новинари - ЕФЈ (проект „Тренинг-академија за новинари и медиумски работници - Т-АЈМ", финансиран со грант од ЕУ).

Надоместоците на трошоците на работниците и граѓаните се однесуваат на исплатен регрес за 2023 година.

Расходите за интелектуални и други услуги се однесуваат на надоместоци исплатени по авторски договори за меѓународни и локални експерти, вклучени во проектните активности на Здружението на новинарите на Македонија за спроведување на истражувања, изработка на публикации, реализирање на обуки, учество на настани како панелисти или излагачи/предавачи на јавни настани, новинарски награди, трошоци за ревизија, адвокатски услуги, сметководствени услуги, услуги за преводи, договор за вршење на преводи и слично.

Трошокот за провизија на платен промет се однесува на провизија платена за остварениот платен промет, провизија од девизната сметка и курсните разлики.

## 11 Капитални и други средства

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Средства за опрема | 708,720 | 184,479 |
| **Вкупно капитални и други средства** | **708,720** | **184,479** |

Средствата се однесуваат на нови набавки на компјутерска опрема, телекомуникациска опрема, останата опрема и канцелариски инвентар.

## 12 Помошти, донации и други давачки

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Помошти, донации и други давања на субјекти | - | 31,000 |
| **Вкупно помошти, донации и други давачки** | **-** | **31,000** |

Во 2023 година, Здружението нема трошоци за помошти, донации и други давања на субјекти. Трошокот од МКД 31,000 во 2022 година се однесува за физичко лице.

## 13 Плати и надомести на плати

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Нето плати | 3,059,892 | 2,289,233 |
| Даноци од плата | 279,741 | 203,119 |
| Придонеси од плата | 1,298,739 | 969,261 |
| **Вкупно плати и надомести на плати** | **4,638,372** | **3,461,613** |

Пресметаните плати за тековната година се однесуваат на 5 вработени (2022: 5 вработени).

## 14 Материјални средства

| | Градежни објекти | Опрема | Нематер. средства | Вкупно мкд |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | |
| **Јануари 01, 2022** | **3,634,482** | **1,825,566** | **35,673** | **5,714,919** |
| *Набавна вредност 1 јануари 2022* | *3,033,791* | *1,561,691* | *32,539* | *4,812,500* |
| *Ревалоризирана вредност 1 јануари 2022* | *600,691* | *263,875* | *3,134* | *902,419* |
| Набавки во текот на годината | - | 184,479 | - | **184,479** |
| Продажба во текот на годината | - | - | - | - |
| Ревалоризација | - | 27,656 | 7,063 | **34,719** |
| **Декември 31, 2022 / Јануари 01, 2023** | **3,634,482** | **2,037,701** | **42,736** | **5,714,919** |
| *Набавна вредност 1 јануари 2023* | *3,033,791* | *1,746,170* | *32,539* | *4,812,500* |
| *Ревалоризирана вредност 1 јануари 2023* | *600,691* | *291,531* | *10,197* | *902,419* |
| Набавки во текот на годината | - | 708,720 | - | **708,720** |
| Ревалоризација | - | - | - | - |
| **Декември 31, 2023** | **3,634,482** | **2,746,421** | **42,736** | **6,423,639** |
| **Акумулирана амортизација** | | | | |
| **Јануари 01, 2022** | **(554,578)** | **(731,215)** | **(3,675)** | **(1,289,468)** |
| *Амортизација на наб. вредност 1 јан 202.* | *(516,779)* | *(623,399)* | *(3,457)* | *(1,143,635)* |
| *Ревалоризирана наб вредност 1 јан 2022* | *(37,799)* | *(107,816)* | *(218)* | *(145,833)* |
| Амортизација за годината | (430,131) | (253,895) | (7,135) | **(691,161)** |
| Продажба во текот на годината | - | - | - | - |
| Ревалоризација | (115,813) | (149,713) | (2,140) | **(267,666)** |
| **Декември 31, 2022 / Јануари 01, 2023** | **(1,100,522)** | **(1,134,823)** | **(12,950)** | **(2,248,295)** |
| Корекција на почетна состојба | 399,793 | - | - | **399,793** |
| *Амортизација на наб. вредност 1 јан 202.* | *(547,117)* | *(877,294)* | *(10,592)* | *(1,435,003)* |
| *Ревалоризирана наб вредност 1 јан 2023* | *(153,612)* | *(257,529)* | *(2,358)* | *(413,499)* |
| Амортизација за годината | (36,345) | (305,954) | (7,135) | **(349,434)** |
| Ревалоризација | - | - | - | - |
| **Декември 31, 2023** | **(737,074)** | **(1,440,777)** | **(20,085)** | **(2,197,936)** |
| **Нето евидентирана вредност** | | | | |
| **Декември 31, 2022** | **2,533,960** | **902,878** | **29,787** | **3,466,624** |
| **Декември 31, 2023** | **2,897,408** | **1,305,644** | **22,651** | **4,225,703** |

На ден 31 декември 2023 и 2022 година, градежните објекти и опремата се во сопственост на друштвото. Градежниот објект е заведен под имотен лист бр.11454 за КО Центар 1, Скопје со запишано право на сопственост на КП 10103/0 со вкупна површина од 248 м2.

## 14 Материјални средства (продолжува)

До 3 јули 2023 година, дел од градежниот објект се издава како деловен простор во Скопје, познат како Клуб на новинари, кој се наоѓа на бул. "Партизански одреди" бр.13 блок 4 во Скопје, запишан во имотен лист бр. 11454 КО Центар 1, КП 10103/0 со површина од 204 м2, во согласност со Договор за закуп на деловен простор, заведен под ОДУ број 1028/18 од 21 Септември 2018 година со Друштво за интелектуални услуги Цоде Академи Доо Скопје кој се однесува на период од 5 години. (види белешка 5). Од 3 јули 2023, истиот деловен простор се издава на нов закупец, односно склучен е Договор за закуп на деловен простор, заведен под ОДУ број 792/23 од 4 јули 2023 година со Друштво за услуги Евентуал Доо Скопје, кој се однесува на период од 5 години.

## 15 Пари и парични еквиваленти

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Банкарски сметки во денари: | | |
| Комерцијална Банка АД Скопје 300-0000007767-15 - Основна сметка | 1,822,992 | 3,526,061 |
| Комерцијална Банка АД Скопје 300-0000035809-85 - ЗНМ 5 | 294,948 | 285 |
| Комерцијална Банка АД Скопје 300-0000043763-85 - СРТ | 999,931 | 92,676 |
| Комерцијална Банка АД Скопје 300-0000032964-84 - ЗНМ 4 | 1,902,042 | 186,052 |
| Комерцијална Банка АД Скопје 300-0000039561-81 - ЗНМ 1 | 4,179 | 434,203 |
| Комерцијална Банка АД Скопје 300-0000046138-41 - ЗНМ 3 | 396,765 | 489 |
| Комерцијална Банка АД Скопје 300-0000046137-44 - ЗНМ 2 | 1,180,059 | 4,489 |
| Комерцијална Банка АД Скопје 300-0000050169-73 - ЗНМ 6 | 17,044 | - |
| Комерцијална Банка АД Скопје 300-0000041091-50 - Виза Бизнис Дебит | 3,802 | 26,217 |
| НЛБ АД Скопје 210-0406756802-47 - Саморегулација | 10,777 | 125,161 |
| НЛБ АД Скопје 210-0406756801-50 | 990 | 370,249 |
| | **6,633,529** | **4,765,882** |
| Банкарски сметки во девизи: | | |
| Комерцијална Банка АД Скопје 0270100180186 EUR | 5,581,591 | 6,323,715 |
| Комерцијална Банка АД Скопје 0270100180186 GBP | 1,412,658 | - |
| | **6,994,249** | **6,323,715** |
| Благајна | 2,788 | 5,057 |
| | **2,788** | **5,057** |
| **Вкупно пари и парични еквиваленти** | **13,630,566** | **11,094,654** |

Паричните средства на сметките на Здружението на новинарите на Македонија во банките и во благајната, искажани во денари, се водат во номинални износи според доставениот извод за промет на тие сметки. Освен основната сметка, отворени се жиро сметки за секој проект посебно.

Девизните средства на сметките во банките и благајната се искажуваат по курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на билансот на состојба.

## 16 Побарувања од купувачи

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 394,608 | 385,884 |
| **Вкупно побарувања од купувачи** | **394,608** | **385,884** |

Побарувањата од домашните купувачи се состојат од побарувања за наемнина, во согласност со Договорот за закуп на деловен простор. (види белешка 14).

## 17 Останати побарувања

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Побарувања за повеќе платен данок на добивка | 24,768 | 24,768 |
| **Вкупно останати побарувања** | **24,768** | **24,768** |

## 18 Активни временски разграничувања

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Други активни временски разграничувања | 123,539 | 22,422 |
| **Вкупно активни временски разграничувања** | **123,539** | **22,422** |

## 19 Деловен фонд

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 3,069,211 | 2,376,109 |
| **Вкупно деловен фонд** | **3,069,211** | **2,376,109** |

## 20 Обврски кон добавувачи

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи во земјата | 123,539 | 22,422 |
| **Вкупно обврски кон добавувачи** | **123,539** | **22,422** |

## 21 Останати тековни обврски и ПВР

| | 2023 во мкд | 2022 во мкд |
|---|---|---|
| Обврски за даноци и придонеси | 1,556 | 442 |
| Краткорочни финансиски обврски | - | 73,788 |
| Пресметани и однапред наплатени приходи | 394,608 | 385,884 |
| **Вкупно останати тековни обврски и ПВР** | **396,164** | **460,114** |

## 22 Преземени и потенцијални обврски

*Судски спорови*

Со состојба на 31 декември 2023 и 2022 година не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови. Раководството на Здружението редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на судски спорови и евентуални побарувања против Здружението кои би можеле да се појават во иднина. Иако резултатот од оваа проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди, Раководството на Здружението верува дека истите нема да резултираат во материјално значајни обврски.

*Капитални обврски*

Не се евидентирани капитални обврски на денот на извештајот на финансиска состојба кои не се веќе признати во финансиски извештаи.

## 23 Настани по датумот на известување

По 31 декември 2023 година – датумот на известувањето, до денот на одобрување на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.

**Contact us**
Ljubica Joanidis
Certified Auditor, Manager
joanidis@bakertilly.mk
T: +389 75 333 810

**www.bakertilly.mk**

**About Baker Tilly Joanidis**

Baker Tilly Joanidis is a full-service accounting and audit firm that offers industry specialized services in assurance, tax and audit.

bakertilly
JOANIDIS